Врз основа на член 18 став 1 алинеи 17 и 20, а во врска со член 19 ставови 5 и 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), во согласност со член 85, а во врска со член 15 став 1 алинеи 16 и 19 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Одлуката за објавување јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата, бр.04-5483/1 од 24.12.2018 година и Заклучокот на Советот, бр.02-5404/6 од 21.12.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 47-та седница одржана на 20.12.2018 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се формира Комисија за евалуација и административна селекција на доставените пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во состав:

- Селвер Ајдини, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Претседател на комисијата;
- м-р Методија Јанчески, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – член на Комисијата; и
- м-р Алма Машовиќ, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – член на Комисијата.

2. Се задолжува Комисијата од точка 1 од оваа Одлука, да изврши евалуација и административна селекција на поднесените пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во рок од 10 (десет) работни дена по истекот на рокот за пријавување, до Советот на Агенцијата да достави Извештај со предлог за избор.

3. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**Бр.** 04-5491/1
24.12. **2018 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот;
- членовите на комисијата;
- Сектор за правни работи;
- Сектор за финансии и логистика; и
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - архива.